Јавно претпријатие за управување и заштита на
повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"
Бр. 05 - 165/1
12.03. 2024 год.
СКОПЈЕ

Национална групација за осигурување
АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА
СКОПЈЕ
Бр . 08-1527/2
12.03.2024 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

за набавка на осигурителни услуги – осигурување на основни средства на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "Јасен" – Скопје

**помеѓу:**

1. **Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"- Скопје**, со регистрирано седиште на ул. 11-ти Октомври бр. 23 а, 1000 Скопје, Република Македонија, застапувано од директорот м-р Новица Зечевиќ, во натамошниот текст: **договорен орган, и**
2. **Национална групација за осигурување** АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА Скопје, ЕМБС 5983681, со регистрирано седиште на булевар Св. Климент Охридски бр. 26, 1000 Скопје, даночен број 4030005548374, застапувано од генералниот директор Владимир Тошевски, во натамошниот текст: **носител на набавката**.

Договорниот орган пред да ја објави постапката ангажираше надворешно стручно лице Осигурително брокерско друштво СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД **Битола**, застапувано од извршен директор Зоран Пејчиновски.
Надоместокот или провизиската стапка за брокеража за ангажманот на брокерот ќе биде на товар на избраниот економскиот оператор (избраното друштво за осигурување во оваа постапка) и согласно договорот помеѓу брокерот и избраниот економски оператор.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој договор е набавка на осигурителни услуги – осигурување на имот (основните средства), согласно тендерската документација и прифатената понуда од страна на договорниот орган по спроведената постапка за набавка од мала вредност со објавување на оглас преку ЕСЈН број 03701/2024 од 29.02.2024 г., кои Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "Јасен" – Скопје уредно ги води како негови во книговодствената евиденција, како и објекти во градба и монтажа и средствата за заедничка потрошувачка.

Постапката заврши без е-аукција на 07.03.2024 г., при што остануваат првично понудените цени:

| Опис на услугата | Првично понудена цена |
|---|---|
| Осигурување од пожар и некои други опасности на **Градежни објекти со сума на осигурување од 46.940.496,04 денари** | 46.941,00 |
| Осигурување од пожар и некои други опасности на **Опрема и мебел со сума на осигурување од 9.674.029,00 денари** | 9.674,00 |
| Осигурување од опасност кршење на машини со пропорачунат доплаток за амортизација и откуп на франшиза на **Опрема со сума на осигурување од 8.795.562,00 денари** | 70.363,00 |
| Осигурување автоодговорност и возач и патници **Задолжително основно осигурување (Автоодговорност) на возила со осигурување на стакла и возач и патници** | 130.237,00 |
| Вкупна цена | 257.215,00 |

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вкупната вредност на набавката од овој договор изнесува 257.215,00 денари, со зборови двеста педесет и седум илјади двеста и петнаесет денари.

[1] 08-1527/2 [2024]

III. РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

**Член 3**

Носителот на набавката е должен услугите од осигурувањето да ги врши согласно техничката спецификација за период од една година од 12.03.2024 – 12.03.2025 година, по потпишување на договорот од договорните страни.

IV. РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 4**

Начинот на плаќање е вирмански со одложено плаќање односно плаќање на 12 месечни рати, во текот на траењето на договорот за јавна набавка.

Рокови за плаќање на премијата ќе се утврдуваат договорно помеѓу двете страни со пресметковните полиси за осигурување, фактурата и анексот за одложено плаќање.

За ненавремено плаќање на износот на премијата што се плаќа во договорени рокови, носителот на набавката ќе пресметува договорена камата.

**Член 5**

Во случај на статусни промени (поделба, спојување и припојување на договорните страни), обврските од овој договор се пренесуваат на новиот субјект, сé до истекот на времето за кое е склучен.

V. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 6**

Носителот на набавката се обврзува дека ќе ја извршува услугата навремено и квалитетно согласно прифатената понуда и пропишаните стандарди за ваков вид на услуга.

Носителот на набавката е должен да се придржува кон рокот за извршување на предметната услуга која е дефинирана во член 3 од овој договор.

VI. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 7**

Договорниот орган се обврзува дека ќе го изврши плаќањето за извршената услуга во рокот утврден во член 4 од овој договор.

VII. РОК НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 8**

Договорот се склучува на определено време за период од 1 (една) година, со почеток од 12.03.2024 и трае до 12.03.2025 година.

Новонабавените основни средства, изградените погони и извршените адаптации во текот на пресметковниот период на осигурување, опфатени се со осигурување по претходна пријава од договорниот орган

## VIII. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 9**

Кога економскиот оператор нема да ја исполни својата обврска, договорниот орган може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Договорниот орган кој поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должен е тоа писмено да му го соопшти на економскиот оператор без одложување по писмен пат.

## IX. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 10**

За сé што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи, односно Општите и соодветните Посебни услови за осигурување кои се составен дел на овој Договор и се со важност на денот на склучување на Договорот и нивните подоцнежни измени и дополнувања.

При потпишување на овој Договор носителот на набавката му ги врачи Општите и Посебните услови за осигурување на договорниот орган.

**Член 11**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

**Член 12**

Овој договор е склучен во 2 (два) еднобразни примерока, од кои секоја страна задржува по 1 (еден) примерок.

| ДОГОВОРЕН ОРГАН: | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА: |
| --- | --- |
| ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје | **АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА Скопје** |
| Директор | Генерален Директор |
| м-р Новица Зечевиќ | Владимир Тошевски |

Јавно претпријатие за управување со повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН" СКОПЈЕ

Национална групација за осигурување АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА СКОПЈЕ